# Извештај
# за управување со животната средина
# во Макпетрол АД во 2024 година



Изработил: Маја Сотировска, Шеф на Одделение за стандардизација и екологија

Одобрил: Горан Ангеловски, Директор на Дирекција за стандардизација и екологија

март, 2025г.

| Точка | **Содржина** | Бр.стр. |
|---|---|---|
| 1 | **Усогласување со законската регулатива од областа на животната средина во 2024 година во Макпетрол АД** | 3 |
| 1.1 | **Управување со видови на отпад во Макпетрол АД** | 4 |
| 1.1.1 | Управување со комерцијален отпад | 4 |
| 1.1.2 | Управување со опасен отпад | 5 |
| 1.1.3 | Управување со отпадни батерии и акумулатори пуштени на пазарот на РСМ од Центар DELL и Центар HONDA | 6 |
| 1.1.4 | Управување со пакување и отпад од пакување, пуштени на пазарот на РСМ | 7 |
| 1.1.5 | Управување со отпадна електрична и електронска опрема | 8 |
| 1.1.6 | Управување со посебниот тек на отпад-масла, пуштени на пазарот на РСМ | 9 |
| 1.1.7 | Управување со посебниот тек на отпад-гуми, пуштени на пазарот на РСМ | 10 |
| 1.1.8 | Управување со посебниот тек на отпад-текстил, пуштени на пазарот на РСМ | 10 |
| 1.1.9 | Управување со посебниот тек на отпад-возила, пуштени на пазарот на РСМ | 11 |
| 1.1.10 | Управување со отпадни масла од Центар HONDA и тековното работење во Макпетрол АД | 12 |
| 1.1.11 | Управување со отпадни акумулатори | 13 |
| 1.1.12 | Управување со отпадно железо, отпаден месинг и отпаден алуминиум | 13 |
| 1.1.13 | Управување со искористени гуми од возила | 13 |
| 1.1.14 | Компании со кои Макпетрол АД соработува во управување со отпадот кој го создава | 14 |
| 1.2 | **Извештаи за Управување со отпад во согласност со законската регулатива на РСМ** | 15 |
| 1.2.1 | Консолидиран извештај за отпад за 2024 година | 15 |
| 1.2.2 | Извештај за спроведени Програми за управување со отпад во 2024 година | 15 |
| 1.3 | **Извештаи за Управување со животна средина во согласност со законската регулатива на РСМ** | 15 |
| 1.3.1 | Известувања за Фабриката за Биодизел | 15 |
| 1.3.2 | Изработка на дневници за емисии во амбиентен воздух | 15 |
| 1.3.3 | Изработка на катастар на загадувачи на животната средина | 15 |
| 1.4 | **Исполнување на барањата кои произлегуваат од областа на животната средина, согласно законската регулатива за мерење на:** | 16 |
| | Емисии во вода | 16 |
| | Емисии во почва | 17 |
| | Бучава | 17 |
| | Емисии во воздух | 18 |
| 1.5 | **Трошоци за управување со животната средина** | 20 |
| 2 | **Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина во: Дирекција за малопродажба, Дирекција за големопродажба, Дирекцијата за стандардизација, квалитет и екологија (Фабрика за производство на Биодизел-FAME), Дирекцијата за одржување и Програмите за Користењето на ресурсите во Макпетрол АД** | 21 |
| 3 | **Користење на ресурси во Макпетрол АД** | 24 |
| 3.1 | Потрошувачка на електрична енергија (kWh) | 24 |
| 3.2 | Потрошувачка на вода во м$^3$ | 26 |
| 3.3 | Користење на хартија за копирање и печатење | 28 |
| 3.4 | Искористени тонери | 29 |
| | Вкупен преглед за Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина и Користењето на ресурсите во Макпетрол АД | 30 |

## 1. Усогласување со законската регулатива од областа на животната средина во 2024 година во Макпетрол АД

Макпетрол АД е компанија која како правно лице, со нејзиниот предмет на работа и делување е вклучена во сите области на животната средина. Во 2024 година, континуирано се следеше законската регулатива на РСМ од областа на животната средина. Во 2024 година има измена/дополнување на законската регулатива на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема Сл.В. на РСМ бр.73/24, во член 36 за намалување на надоместокот изразен во ден./кг. по категории на опрема. Деталната следливост на законската регулатива на ИМС (интегриран менаџмент систем) е евидентирана во ПР.01.102 Процедура за следење на законска регулатива за аспектите на животната средина, за безбедност и здравје на вработените при работа и енергетска ефикасност.

Согласно со законската регулатива на РСМ, бензинските станици и складови на Макпетрол АД поседуваат Елаборати за заштита на животната средина (EIA), со издадени согласности од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Овие елаборати јасно покажуваат дека објектите се со современи технички и функционални содржини, како и со предвидени мерки за заштита на животната средина.

Согласно со Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини (усогласување со VOC-Директивата), Друштвото има потврда дека ги исполнува техничките барања, а воедно има и Потврда за упис во Регистарот на инсталации за складирање, инсталации за полнење и за празнење на мобилните контејнери и на бензинските станици од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Со исполнување на барањата од VOC Директивата, воведувањето на најдобрите практики, т.е. техничките решенија, емисиите во воздухот на бензинските станици се со значително намалена емисија на штетни гасови во воздухот.

Складовите за запаливи течности на Друштвото, согласно со законската регулатива на РСМ, се усогласени и со одредбите за Спречување и за контрола на хавариите со присуство на опасни ситуации (Seveso Директивата), а со цел да се преземат мерки за заштита на луѓето и животната средина се испланирани предвидени постапки, во случај на најлошо можно сценарио.

- **<u>Инспекциски надзор во животната средина на објектите на Макпетрол АД во 2024 година</u>**

Редовен инспекциски надзор:

- Во Дреново на б.с.078, со Записник бр.19-44/2 од 31.05.24г.  каде со Решение објектот е задолжен за изработка на Елаборат за користење на вода од подземно водно тело бунар, и мерења на отпадна вода. Мерењата на отпадна вода, реализирани веднаш согласно барањето на 18.06.2024г., и изработен е елаборат за заштита на животна средина за експлоатација на вода од бунар и известен е Инспекторот за животна средина,
- Во Гостивар на б.с. 011, со Записник бр.17-64 од 14.08.24г. каде што во Записникот не беа утврдени неправилности во работењето;
- Во Куманово на б.с. 080, со Записник бр.19-31 од 12.11.24г. каде што во Записникот не беа утврдени неправилности во работењето.

## 1.1 Управување со видови на отпад во Макпетрол АД

Еколошката свесност на Макпетрол АД е активна на повеќе полиња, а отпадот како еден од суштинските проблеми и загадувач на животната средина е во фокусот на нашиот интерес. Имајќи ја во предвид заштитата на животната средина и одговорниот однос кон околината во која живееме и во која работиме, во текот на 2024 година континуирано се спроведуваше селектирање и управување на сите видови на отпад, со што правиме уште еден чекор кон заштита на животната средина. Целокупниот опасен и неопасен отпад се предава на овластени компании за управување со отпад за понатамошно третирање, рециклирање и постапување.

### 1.1.1 Управување со комерцијален отпад

Согласно Законот за Управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21 и измената 3/2025, на објектите и деловните згради на Макпетрол АД одредено е место за садови/контејнери за собирање на комерцијален отпад. Комерцијалниот отпад не се меша со опасниот отпад. Капаците на садовите за отпад се со соодветна боја и се соодветно обележани. Отпадот во садовите се селектира на следниов начин:

- Хартија и картон-Сина боја/Бела боја;
- Амбалажа-Жолта боја;
- Измешан комунален отпад-Зелена боја.

- Фреквенцијата на превземање на отпадот се врши од страна на компанијата ЈКП со која Макпетрол АД има склучено договор.
  Превземањето на отпадот исто така се врши и на неконтролиран начин, од страна на неформални собирачи.

Табела бр.1 Количина на предаден комерцијален отпад

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предаден комерцијален отпад | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | | **2024 година** | |
| | | во $m^3$ | во t | во $m^3$ | во t |
| Измешан комунален отпад | 200301 | **≈ 7.500** | | **≈8.000** | |
| Хартија и картон | 200101 | **≈400** | **≈3** | **≈450** | **≈10** |
| Пластика | 200139 | **≈30** | **≈1** | **≈70** | **≈1** |

- Во Деловните згради на Макпетрол АД се поставени посебни канти за собирање на отпад од хартија (бела боја) и отпад од пластика (жолта боја). Фреквенцијата на превземање на отпадот е по потреба од страна на компаниите со кои Макпетрол АД има склучено договор.

### 1.1.2. Управување со опасен отпад

- Опасниот отпад, т.е. остатокот од талогот на горивото од бензинска станица/склад на МП, кој не може да се користи како збогатувач на калоричната вредност на други видови цврсти горива и течни горива, од бензинска станица/склад, соодветно се собира во посебни садови (буре, контејнер) и привремено се чува во Склад Илинден, на собирно место до негово превземање од страна на овластена компанија, проследено со соодветна документација.
- Цврстиот и течен опасен отпад од лабораторијата за анализа на нафтени деривати и биодизел, привремено се чува во Склад Илинден, на собирно место до негово превземање од страна на овластена компанија, проследено со соодветна документација.
- Чистењето на сепараторите и отстранување на отпадот (мил од одвојувач масло/вода), на бензинските на Макпетрол АД се врши на 2 години или по потреба во зависност од собраните количини, и соодветно се предава на овластена компанија за превземање, ЕКО-ТЕАМ, Скопје.
- Согласно Законот за Управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21 и измената 3/2025, Макпетрол АД има договор за собирање и транспортирање на опасен отпад со Друштво за заштита на животната средина која управува со опасен отпад ДЗЖ “Еко-Теам ДОО Скопје”, со добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.11-3549/2.

Табела бр.2 Количина на предаден опасен отпад

| Вид на опасен отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предаден опасен отпад во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Отпад од течни горива (дизел) | 13 07 01* | **27.3** | **6.534** |
| Отпад од течни горива (бензин) | 13 07 02* | **/** | **3.72** |
| Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанци (шишиња и вреќи) | 15 01 10* | **0.68** | **0.68** |
| Мешан органски отпад | 13 07 03* | **0.775** | **0.7** |
| Мил од дно на цистерни | 05 01 03* | **/** | **1.04** |
| Мил од одвојувач масло вода од сепаратори на б.с. | 13 08 99* | **0.16** | **0.38** |

**Слика бр. 1**
Превземање на опасен отпад од Склад Илинден



### 1.1.3 Управување со отпадни батерии и акумулатори пуштени на пазарот на РСМ од Центар DELL и од Центар HONDA

- Согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори Сл. Весник на РСМ бр.176/21 и измената 3/2025, Макпетрол АД склучи договор со "Нула Отпад ДОО Скопје", со добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.11-8349/3 за превземање на обврски за постапување со отпад од батерии и акумулатори и отпад од електрична и електронска опрема кои се пуштени на пазарот на РСМ.
- Месечно се води евиденција и истата се доставува до овластената компанија за управување со батерии и акумулатори.

Табела бр.3 Количина на отпад од отпадни батерии и акумулатори, од Центар DELL и од Центар HONDA, пуштени на пазарот на РСМ

| Вид на отпад | Количина од отпадни батерии и акумулатори пуштен на пазар во килограми (kg) | |
|---|---|---|
| | **2023 година** | **2024 година** |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 3 ќелиски | **340** | **304.820** |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 4 ќелиски | | |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 6 ќелиски | | |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 9 ќелиски | | |
| Автомобилски оловни, 38 Ah | **69.34** | **13.26** |
| Автомобилски оловни, 45 Ah | | |
| За моторцикли литиумски, 2 Ah | | |
| За моторцикли оловни, 2,3 Ah | | |

- Согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори Сл. Весник на РСМ бр.176/21, на бензинските станици: 001 Индустриска, 002 Партизанска, 004 Козле, 008 Визбегово, 012 Дебарца, 031 Виница, 053 Лисиче, 046 Гевгелија, 088 Тетово, 094 Прилеп, 153 Ново лисиче, 199 Велес како и во Деловната зграда на Макпетрол АД во Центар и Маџари-Скопје, поставени се посебни садови за собирање на отпадни батерии.

### 1.1.4 Управување со пакување и отпад од пакување, пуштени на пазарот на РСМ

- Согласно Законот за Управување со пакување и отпад од пакување, Сл. Весник на РСМ 215/21 и измената 3/2025, производителите и трговците имаат обврска да водат грижа за амбалажата на производите кои ги пуштаат на пазарот во РСМ. Со цел исполнување на оваа обврска Макпетрол АД, има склучено договор со “Пакомак ДОО-Скопје”, со добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.11-446/2 за управување со пакување и отпад од пакување.
- Месечно се доставува евиденција до овластената компанија за управување со отпад од пакување.

Табела бр.4 Количина на отпад од пакување, пуштена на пазарот на РСМ

| Отпад од пакување од: | Вид на отпад | Количина на отпад од пакување пуштен на пазар во килограми (kg) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Crystal Car, Lubex, Antifrizz, Valvoline, Дестилирана вода, Центар DELL | Пластика | **12.060** | **13.334** |
| | Хартија | **32.366** | **37.223** |
| | Композитни материјали | **231.11** | **240.40** |

### 1.1.5 Управување со отпадна електрична и електронска опрема

**I**

- Отпаднатa електрична и електронска опрема (отпадни компјутери, принтери, тонери, неонски светилки и сл.), кои произлегуваат од тековното работење, а кои се расходувани од страна на пописната комисија од Одделението за пописи, привремено се собираат и чуваат во Главната деловна зграда на Макпетрол АД во Скопје, до нејзино превземање од страна на овластена компанија и проследено со соодветна документација.
- Согласно Согласно Законот за управување со електричната и електронската опрема и отпадна електрична и електронска опрема Сл. Весник на РСМ бр. 176/21, отпадот се предава на овластена компанија за управување.

Табела бр.5 Количина на отпадна електрична и електронска опрема

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадена отпадна електрична и електронска опрема тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Отпадна електрична и електронска опрема | 20 01 36 | **1.61** | **1.686** |
| Компоненти извадени од отфрлена опрема | 16 02 16 | **1.81** | **0.2735** |

**II**

- Согласно Законот за управување со електричната и електронската опрема и отпадна електрична и електронска опрема Сл. Весник на РСМ бр. 176/21, за пуштена на пазар во РСМ од Центар DELL и Дирекцијата за ИТ за фискалните апарати, Макпетрол АД склучи договор со “Нула Отпад ДОО Скопје” за превземање на обврски за постапување со електрична и електронска опрема со бр.11-8349/3 на дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Месечна евиденција се доставува до овластената компанија за управување со овој вид на отпад. Електричната и електронската опрема е групирана во категории на вид на отпад пуштен на пазар на РСМ.

Табела бр.6 Количина на отпад од електрична и електронска опрема, од Центар DELL, пуштени на пазарот на РСМ

| Вид на отпад по категории | Количина од електрична и електронска опрема пуштени на пазар во килограми (kg) | |
|---|---|---|
| | **2023 година** | **2024 година** |
| Голема опрема | **509** | **532.900** |
| Екрани, монитори и опрема која има екрани со површина поголема од 100 см$^2$ | **12.430** | **15.155** |
| Мала информатичко-комуникациска технологија и телекомуникациска опрема | **4.686** | **6.498** |

### 1.1.6 Управување со посебниот тек на отпад-масла, пуштени на пазарот на РСМ

- Согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад, Сл. Весник на РСМ 215/21, производителите и трговците имаат обврска да водат грижа за посебниот тек на отпад-масла, кои производителите ги пуштаат на пазарот во РСМ. Со цел исполнување на оваа обврска Макпетрол АД, има склучено договор со Друштво за управување со масло и отпадно масло “Оилтек Доо Скопје”, со добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.уп-11/2-272/2024 од 05/03/2024.
- Квартално се доставува евиденција до овластената компанија за управување.

**Табела бр.**7 Количина на посебниот тек на отпад-масла, пуштена на пазарот на РСМ

| **Вид на отпад** | **Тарфифна ознака** | Количина на отпад од пакување пуштен на пазар во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Отпад од моторни масла, компресорски масла за подмачкување, турбински масла за подмачкување | 2710192100 | / | **205.89970** |
| Хидраулични масла | 2710198300 | / | **10.36437** |
| Масла за менувачи и редуктори | 2710198700 | / | **28.31190** |
| Што содржат 70% или повеќе по маса на масла од нафта или добиени од битуменозни минерали, но не и како основни состојки | 3403191000 | / | **0.00397** |
| Друго | 3403990000 | / | **68.0394** |
| Течности на хидраулични конци и други течности за хидраулична трансмисија, што не содржат помалку од 70% по маса на масла од нафта или масла добиени од битуменозни минерали | 3819000000 | / | **4.21134** |

### 1.1.7 Управување со посебниот тек на отпад-гуми, пуштени на пазарот на РСМ

- Согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад, Сл. Весник на РСМ 215/21, производителите и трговците имаат обврска да водат грижа за посебниот тек на отпад-гуми, кои производителите ги пуштаат на пазарот во РСМ. Со цел исполнување на оваа обврска Макпетрол АД, има склучено договор со Друштво за управување со гуми Гуматек ДОО Скопје со бр.уп1-11/2-2089/2023 од 12/01/2024.
- Квартално се доставува евиденција до овластената компанија за управување.

Табела бр.8 Количина на посебниот тек на отпад-гуми, пуштена на пазарот на РСМ

| **Вид на отпад** | **Тарфифна ознака** | Количина на отпад од пакување пуштен на пазар во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Автомобил | 4011100000 | / | **26.34053** |
| Комбе | 4011201000 | / | **0.38919** |
| Камион и автобус | 4011209090 | / | **18.33563** |

### 1.1.8 Управување со посебниот тек на отпад-текстил, пуштени на пазарот на РСМ

Согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад, Сл. Весник на РСМ 215/21, производителите и трговците имаат обврска да водат грижа за посебниот тек на отпад-текстил, кои производителите ги пуштаат на пазарот во РСМ. Со цел исполнување на оваа обврска Макпетрол АД, има склучено договор со Еко-Текс Груп Доо Скопје уп1-11/2-2404/2023 од 28/11/2023.

- Квартално се доставува евиденција до овластената компанија за управување.

Табела бр.9 Количина на посебниот тек на отпад-текстил, пуштена на пазарот на РСМ

| **Вид на отпад** | **Вид на текстил** | Количина на отпад од пакување пуштен на пазар во килограми (кг) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Текстил | Текстилни производи со метража која не е оголема од 20см до 1метар | / | **9.24** |

### 1.1.9 Управување со посебниот тек на отпад-возила, пуштени на пазарот на РСМ

Согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад, Сл. Весник на РСМ 215/21, производителите и трговците имаат обврска да водат грижа за посебниот тек на отпад-возила, кои производителите ги пуштаат на пазарот во РСМ. Со цел исполнување на оваа обврска Макпетрол АД, има склучено договор со Друштво за управување со отпад од возила Греен роад Доо Скопје уп1-11/2-56/2024 од 12/01/2024.

- Квартално се доставува евиденција до овластената компанија за управување.

Табела бр.10 Количина на посебниот тек на отпад-возила, пуштена на пазарот на РСМ

| **Вид на отпад** | **Тарфифна ознака** | **Возила пуштени на пазар на РСМ** | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Патнички | 8703401000<br>9871000000 | / | **33** |

### 1.1.10 Управување со отпадни масла од Центар HONDA и тековното работење во Макпетрол АД

- Количествата на отпадните масла од Центарот HONDA и од тековното работење во Макпетрол АД, се чуваат на обележано место и во соодветни садови, се до нивно превземање од страна на овластена компанија, со која Макпетрол АД има склучено договор, проследено со соодветна документација.
- Согласно Законот за Управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21, Макпетрол АД склучи договор за собирање и транспортирање на отпадни масла со Ауто-Хаус Заковски Дооел, со број на дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање 11-4061/1.

Табела бр.11 Количина на предадени отпадни масла

| Вид на опасен отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадени отпадни масла во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Синтетски моторни и тр. Масла и масла за подмачкување | 13 02 05* | **1.38** | **2.0175** |
| Хидраулично масло | 13 01 10* | **0.94** | **0.202** |
| Замастена вода од одвојувачи | 13 05 07* | **/** | **0.16** |
| Флуиди за системи за кочење | 16 01 13* | **/** | **0.5925** |

- Отпадни масла и масти за јадење кои се јавуваат во Хотел Струга на Макпетрол АД, се собираат и со соодветна докуменатција се предаваат на Суниленс Дооел Скопје со дозвола Дозвола бр. 11-4940/1.

Табела бр.12 Управување со отпадни масла и масти за јадење

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадени отпадни масла и масти за јадење во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Отпадни масла и масти за јадење | 20 01 25 | **0.068** | **0.025** |

### 1.1.11 Управување со отпадни акумулатори

- Во согласност со Законот за управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21, како и Листата на видови отпад Сл. Весник на РСМ бр.100/05, предадени се отпадни акумулатори, кои произлегуваат од тековното работење во Макпетрол АД на овластена компанја за управување.

Табела бр.13 Управување со отпадни акумулатори

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадени отпадни акумулатори во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Отпадни батерии и акумулатори | 20 01 34 | **0.28** | **/** |

### 1.1.12 Управување со отпадно железо, отпаден месинг и отпаден алуминиум

- Во согласност со Законот за управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21, како и Листата на видови отпад Сл. Весник на РСМ бр.100/05, отпадното железо е предадено на овластена компанија за управување со секундарни суровни.

Табела бр. 14 Количина на предадено отпадо железо

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадено отпадно железо тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Отпадно железо | 17 04 05 | **45.1** | **60.671** |
| Отпаден месинг | 17 04 01 | **/** | **5.617** |
| Отпаден алуминум | 17 04 02 | **/** | **1.3** |

### 1.1.13 Управување со искористени гуми од возила

- Во согласност со Законот за управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21, како и Листата на видови отпад Сл. Весник на РСМ бр.100/05 искористените гуми од возила се предадени на овластена компанја за управување со секундарни суровни.

Табела бр.15 Количина на предадени искористени гуми од возила

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадени искористени гуми од возила тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Искористените гуми од возила | 16 01 03 | **1.3** | **0.63** |

### 1.1.14 Компании со кои Макпетрол АД соработува во управување со отпадот кој го создава

Табела бр.16 Компании со кои Макпетрол АД управува со отпадот кој го создава

| Управување со отпад во Макпетрол АД | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | Вид на отпад | Компанија со која Макпетрол АД соработува, со издадено решение со број на Дозвола од МЖСПП |
| 1. | Отпадна пластика | Пакомак Доо Скопје<br>Дозвола бр. 11-446/2,ЈКП,<br>Еко Стар Рециклажа |
| 2. | Отпадна хартија | |
| 3. | Отпадна (стара и  неисправна) електронска и електрична опрема<br>Отпаден текстил | Друштво за услуги и трговија<br>Ф-Ггрупација Дооел Скопје<br>Дозвола бр.11-6462/2,<br>Еко Цикрон Доо<br>УП1-23- 708/2017 |
| 4. | Отпад од батерии и акумулатори пуштени на пазар во РМ | Друштво за управување со отпад-НУЛА ОТПАД ДОО Скопје<br>Дозвола бр.11-8349/3 (колективен постапувач) |
| 5. | Електричната и електронската опрема пуштена на пазар во РСМ | Друштво за управување со отпад-НУЛА ОТПАД ДОО Скопје<br>Дозвола бр.11-8349/3 (колективен постапувач) |
| 6. | Управување со отпад од пакување пуштено на пазар во РСМ | Пакомак Доо Скопје<br>Дозвола бр. 11-446/2 (колективен постапувач) |
| 7. | Опасен отпад (отпаден талог од дизел гориво, бензини, киселини, цврст отпад, отпадно масло, тиња, отпад од сепаратор)<br>Апсорбенси и филтерски материјали | Друштво за Заштита на животна средина, ЕКО-ТЕАМ<br>Дозвола бр. 11-3549/2 |
| 8. | Отпадни масла | Ауто-Хаус Заковски Дооел<br>Дозвола бр. 11-4061/1 |
| 9. | Отпадно железо и месинг<br>Отпадна гума | Еко Цикрон Доо<br>УП1-23-708/2017 и останати компании по потреба<br>Отпад Дине ДООЕЛ |
| 10. | Отпадни тонер касети | ГНЛ Лимитед Компани дооел<br>Дозвола бр.  11-7923/1 |
| 12. | Масло и маст за јадење | Сунисленс дооел Скопје<br>Дозвола бр. 11-4940/1 |
| 13. | Отпадни батерии и акумулатори | Ф-Групација дооел Скопје, ЕЕ Рециклажа<br>Дозвола бр.11-6462/2 |
| 14. | Масло и отпадно масло<br>пуштено на пазар во РСМ | Друштво за управување со масло и отпадно масло Оилтек ДОО Скопје<br>уп-11/2-272/2024 од 05/03/2024 |
| 15. | Отпадни гуми<br>пуштени на пазар во РСМ | Друштво за управување со гуми Гуматек ДОО Скопје<br>уп1-11/2-2089/2023 од 12/01/2024 |
| 16. | Отпадни возила<br>пуштени на пазар во РСМ | Друштво за управување со отпад од возила Греен роад Доо Скопје<br>уп1-11/2-56/2024 од 12/01/2024 |
| 17. | Отпаден текстил<br>пуштен на пазар во РСМ | Еко-Текс Груп Доо Скопје<br>уп1-11/2-2404/2023 од 28/11/2023 |
| 18. | Останати видови на отпад кои се јавуваат во тековното работење | Останати компании по потреба, кои се пријавени во консолидиран извештај |

## 1.2 Извештаи за Управување со отпад во согласност со законската регулатива на РСМ

### 1.2.1 Консолидиран извештај за отпад за 2024 година

Во согласност Законот за управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21 и измената 3/2025, изработен и доставен е Консолидиран извештај за 2024 година за постапување со комерцијален и опасен отпад во Макпетрол АД до Министерството за животна средина и просторно планирање.

### 1.2.2 Извештај за спроведени програми за управување со отпад во 2024 година од Програмата за управување со отпад

Во согласност Законот за управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр.216/21 изработен е Извештај за спроведени програми за управување со отпад во 2024 година во Макпетрол АД и истиот е доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање.

## 1.3 Извештаи за Управување со животна средина во согласност со законската регулатива на РСМ

**1.3.1** Во согласност со барањата на А-интегрираната еколошка дозвола на Фабриката за производство на Биодизел со број бр. УП 1-11/3 бр.281/2018 од 21.06.2019 година, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, доставување на Известување за годишен извештај и месечни известување за функционалноста на Фабриката.

**1.3.2** Во согласност со Законот за квалитет на амбиентниот воздух – пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 100/2012), член 45 и Правилникот за формата и содржината на обрасците на доставување на податоците од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори, начинот и временскиот период на доставување согласно капацитетот на инсталацијата, содржината и начинот на водење на Дневникот на емисии во амбиентниот воздух (Сл. Весник на РСМ бр. 79/2011), член 3, став 2 и 5, инсталацијата која поседува интегрирана еколошка дозвола и за останатите стационарни извори (котлари), пополнети се и доставени Дневници на емисии во амбиентниот воздух од сите стационарни извори на Макпетрол АД., до Министерството за животна средина и просторно планирање.

**1.3.3** Во согласност со Законот за животна средина Сл.В. на РСМ бр.53/05, со измените, а по барање на Технолаб, кои се овластени од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, за одржување на Катастар на загадувачи на животната средина, изработен е и доставен Катастар на загадувачи на животната за бензинските станици во Струмица, Битола, Пробиштип, Крива Паланка, Делчево, Дебар и Свети Николе.

## 1.4 Исполнување на барањата кои произлегуваат од областа на животната средина, согласно законската регулатива за емисии во вода, почва, бучава и воздух

**Табела бр.12 Табеларен приказ на мерења на емисии во вода, почва, бучава и воздух**

**Емисии во вода**

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Мерно место | Париметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТНГ Миладиновци | Правилник за условите и граничните вредности на емисија за испуштање на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштитените зони Сл.В. на РСМ 81/11 | -Пречиситителна станица<br>-Сепаратор | pH, суспендирани материи, БПК и ХПК | -1 годишно и по потреба-барање од страна на инспекциски надзор<br><br>-по потреба, контролни проверки | Извештај од мониторинг | МЖСПП |
| 2 | Склад Илинден | Закон за животна средина, Сл.В. на РСМ бр.53/05, со измените, глава V-Мониторинг во животна средина<br>Правилник за условите и граничните вредности на емисија за испуштање на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштитените зони Сл.В. на РСМ 81/11 | -Сепаратор<br><br>-Пречиситителна станица/сепаратор | pH, суспендирани материи, БПК и ХПК, масти и масла | 1 годишно и по потреба-барање од страна на инспекциски надзор | Извештај од мониторинг | МЖСПП |
| 3 | Одделение за преглед и сервисирање на плински боци и ПП апарати во склад Лисиче | Правилник за условите и граничните вредности на емисија за испуштање на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштитените зони Сл.В. на РСМ 81/11 | -Сепаратор | pH, суспендирани материи, БПК и ХПК, масти и масла | 1 годишно и по потреба-барање од страна на инспекциски надзор | Извештај од мониторинг | МЖСПП |

## Емисии во почва

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Мерно место | Париметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Авиосервис Петровец | Закон за животна средина, Сл.В. на РСМ бр.53/05, со измените, глава V-Мониторинг во животна средина | Мерно место 1-околина на Склад на МП, во рамките на Аредромот во Петровец, Скопје | pH,<br>вкупен азот,<br>вкупен фосфор,<br>масти и масла | 1 годишно | Извештај од мониторинг<br>**За резултати за извештајот користен е холандски стандард и канадска регулатива* | -МЖСПП,<br>-TAV |

## Бучава

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Мерно место | Париметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Деловна зграда на Макпетрол АД Центар, Скопје | -Закон за животна средина, Сл.В. на РСМ бр.53/05, со измените, глава V-Мониторинг во животна средина,<br>-Правилник за гранични вредности на ниво на бучава во жив.сред., Сл.В. на РСМ 147/2008 | Деловна зграда на МП | Ld/aeq (dB),<br>Lamax (dB) | 1 годишно | Извештај од мониторинг | -МЖСПП, ДИЖС |

## Емисии во воздух

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Број на ложишта | Параметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Фабрика за Биодизел | -Закон за животна средина, Сл.В. на РСМ бр.53/05, со измените,<br>-Закон за квалитет на амбиентен воздух сл.в.67/04, со измените<br>-Правилник за формата и содржин. На обрасците на доставување..<br>Сл.В. на РСМ 79/11<br>Правилник за ГВЕ Сл.В. на РСМ бр.223/ 2019 и Сл.В.на РСМ бр.141/10 | 2<br>(1 Екстра лесно + 1* глицерин)<br><br>*Котелот на глицерин се контролира кога фабриката работи | Брзина, проток, Nox, CO, $CO_2$, $O_2$, $SO_2$, чаден број | 1 годишно<br><br>*Квартално доколку фабриката работи континуирано 3 месеци | Дневник за емисии на амбиентен воздух од стационарни извори<br><br>* Извештаи согласно барања од А-интегрирана дозвола доколку фабриката работи | МЖСПП-Македонски информативен центар за животна средина<br>и<br>ДИЖС |
| 2 | Дирекција за Одржување | | 3 | | 1 годишно<br><br>*Доколку котлите се активни | Дневник за емисии на амбиентен воздух од стационарни извори | |
| 3 | Хотел Струга | | 2 | | | | |
| 4 | Управна зграда | | 3 | | | | |
| 5 | Хонда Центар | | 1 | | | | |

Параметрите од извршените мерења, се во рамкикте на ГВЕ (гранични вредности на емисии), согласно законската регулатива на РСМ.

**Слика бр.2 и бр.3**
Тестирање на штетни материи во воздухот и тестирање на нивото на бучава во животната средина од котларницата за загревање на управната зграда на Макпетрол АД



**Слика бр.4**
Земање примероци на отпадна вода во Склад Илинден



### 1.5 Трошоци за управување со животната средина

За реализација на преземните активности за заштита на животната средина во 2024 година, кои се одвиваа преку селекција и управување со комерцијалниот и опасниот отпад, дополнителните текови на отпад (отпад од пакување, електронски отпад и опрема, масла, гуми, возила, текстил), мерењата на емисиите во воздух, вода, почва, како и за едукација на вработените, потрошени се вкупно 11.913.500 денари.

**Трошоци за заштита на животна средина за 2024 година**

| | денари |
|---|---|
| ДП 1057979 Пакомак д.о.о. | |
| ДП 1034120 Еко-Теам д.о.о. | |
| ДП 9532404 Фармахем ДООЕЛ | |
| ДП 2001285 Концепт Едукација | |
| ДП 2002633 Оилтек ДОо Скопје | |
| ДП 1073362 Нула Отпад ДОО Скопје | |
| ДП 2002632 Гуматек ДОО Скопје | |
| ДП 2002644 Греен Роад ДОО Скопје | |
| ДП 9865420 Технолаб доо | |
| ДП 2002690 Еко-Текс Груп ДОО Скопје | |
| **Вкупно** | **11.913.500** |

**2. Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина во Дирекцијата за малопродажба, Дирекцијата за големопродажба, Дирекцијата за стандардизација, квалитет и екологија (Фабрика за производство на Биодизел-FAME), Дирекција за одржување и Програмите за Користење на ресурси во Макпетрол АД**

**Програма број 1, 4, 5, 10, 15 -Да се одржуваат редовни обуки за заштита од пожари, периодични проверки на знаењето и тактично показни вежби и да се вршат функционални проби на стабилни системи за заштита од пожари (Гаснење и Ладење).**

- Обука за работа на складирање и дејства сврзани со складирањето запаливи течности и гасови на 195 новопримени работници;
- Обука за работа на товарење или истовар или други постапки во врска со товарењето или истоварот (наточување, претовар, преточување, источување, чување) на опасни материи на, 195 новопримени работници;
- Специјализирани обуки и тактичко-показни вежби на Просторните сили за заштита и спасување - Специјализирани единици за заштита од пожари на „Макпетрол“ АД, на 100 вработени во Складовите за запаливи течности и гасови и на Бензинските станици на „Макпетрол“ АД.

Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување спроведе теоретска обука, додека тактичко-показна вежба за евакуација и спасување на вработените и посетителите во случај на инциденти во Складовите за запаливи течности и гасови ја извршија припадниците на Специјализираните единици за заштита од пожари од Складовите врз основа на претходно подготвен опис на настанот (сценарио) од страна на Секторот за безбедност.

o На вработените од Единицата за заштита од пожари и приватно обезбедување во Управната зграда на „Макпетрол“ АД, извршена е обука за правилно користење и ракување со изолационен апарат за заштита на дишните органи – Drager PSS 5000 и интервенциската противпожарна опрема. Обуката ја спроведе стручно лице од фирмата „Армор плус“ ДОО – Скопје.

o Во врска со барањето на ТТПЕ - Крива Паланка, а по повод денот на пожарникарите - 20 мај, на Бензинската станица „Крива Паланка“ бр.015 во сопственост на „Макпетрол“ АД, се изведе тактичко-показна вежба во случај на пожар и неконтролирано истекување на течен нафтен гас. Со оваа вежба покажавме добар пример како може заеднички вработените на БС „Крива Паланка“ бр.015 и ТТПЕ - Крива Паланка, да бидат координирани, да реагираат брзо и да се справат со ваков инцидент, а се со цел заштита на вработените, објектот, посетителите на бензинската станица како и жителите од поширокото подрачје околу бензинската станица.

Функционални проби на стабилните системи за заштита од пожари (гаснење и ладење) во следниве објекти:

| Бр. | Објект | Дата (пролет) | Дата (есен) |
|---|---|---|---|
| 1. | Склад за запаливи течности „Илинден“ - Скопје | 19.06.2024 | 02.10.2024 |
| 2. | Полнилница за ТНГ„Миладиновци“ - Скопје | 04.06.2024 | 15.10.2024<br>Пробата ја изврши командирот на Единицата за ЗП и ПО |
| 3. | Склад за ТНГ „Гостивар“ - Гостивар | 11.04.2024 | 16.10.2024 |

**<u>Програма број 2 и 6</u> – Чистење на резервоарите и евиденција на количините за создаден/предаден отпад**

Од чистење на резервоарите во складовите и бензинските станици на Макпетрол АД, собрана е количина на опасен отпад (горива), кој се складира во буриња "Собирно место" во Склад Илинден. Во табела 8, прилог на предаени количини на отпад од течни горива.

**Табела бр. 13** Количина на опасен отпад (горива)

| Вид на опасен отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на отпад во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Отпад од течни горива (дизел) | 13 07 01* | **27.3** | **6.534** |

Во 2024 година редовно се пополнуваа дневниците за количините на создаден и предаден отпад на бензинските станици и складови на Макпетрол АД.

**<u>Програма број 3</u> Чистење и отстранување на отпадот од сепараторите**

На бензинските станици на Макпетрол АД за заштита на системот за одведување на отпадните води, вградени се два типа на сепаратори и тоа:

- пластични сепаратори со соодветна опрема и
- бетонски сепаратори со дополнително вградени филтри. Со вградувањето на филтрите (коалесцентни вентили) во целост е изедначена функцијата на бетонската шахта со пластичниот сепаратор.

Чистењето на сепараторите и остранување на отпадот (мил од одвојувач масло/вода), на бензинските на Макпетрол АД се врши на 2 години или по потреба во зависност од собраните количини, и соодветно се предава на овластена компанија за превземање, ЕКО-ТЕАМ, Скопје.

**Табела бр.14 Количина на отпадот од сепараторите**

| Вид на опасен отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на отпад во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2023 година** | **2024 година** |
| Мил од одвојувач масло вода од сепаратори на б.с. | 13 08 99* | **0.16** | **0.38** |

**<u>Програма број 7</u>** Контрола на квалитет на отпадна вода во пречистителна станица ТНГ Миладиновци – Одржување на пречистителната станица и контрола на квалитет на отпадна вода, спроведена од страна на Флуид проект, компанија со која Макпетрол АД има склучено договор.

**<u>Програма број 8</u>** Управување со отпад од пластика во ТНГ Миладиновци- евиденција на количините за отпад од пакување и доставување на извештаите до овластена компанија Пакомак.

**<u>Програма број 9 и 16</u> –** Управување со отпад од метал во ТНГ Миладиновци и Одд. за преглед и сервисирање на ППА. Предаден отпад од метал и месинг од ТНГ боци и ППА на соодветна овластена компанија.

**<u>Програма број 11</u> –** Мониторинг на квалитет на воздух во Фабрика за производство на биодизел-FAME.

**<u>Програма број 12 и 13</u> –** Управување со течен и цврст отпад од Фабрика за производство на биодизел-FAME и Лабораторија. Предаден е отпад на овластена компанија за превземање на опасен отпад.

**<u>Програма број 14</u> –** Мониторинг на бучава во Фабрика за производство на биодизел-FAME**.**

## 3. Користење на ресурси во Макпетрол АД

### 3.1 Потрошувачка на електрична енергија, Програма 17

**Графикон 1**

**Вкупна потрошувачка на електрична енергија (kWh), споредбено во 2023 и 2024 година**




Вкупната потрошувачка на електрична енергија на објектите на Макпетрол АД, за 2024 година е 11.887.921,61 kWh, што претставува зголемување на потрошувачката на електрична енергија за 89.010,97 kWh во споредба со 2023 година, кога вкупната потрошувачка на електрична енергија била 11.798.910,64 kWh.

Во 2024 година се инсталираа четири фотонапонски централи на БС 101 Мрзенци, БС 055 Св. Николе, БС 083 Кавадарци и БС 013 Куманово со вкупна моќност од 415,89 kW, кои произведова вкупно 17.477,81 kWh за сопствени потреби. Во функција беа четири фотонапонски централи, поставени на БС 046 Гевгелија, БС 168 Вевчани, БС 008 Визбегово и Управната зграда на Макпетрол АД Скопје кои произведоа вкупно 381.724,58 kWh. Почетокот на 2025 во функција ќе биде и фотонапонската централа поставена на БС 010 Тетово со вкупна моќност од 71,4 kW.

**Табела бр.15**

**Производството на електрична енергија од фотоцентралата во 2024 год, по месеци**

| **Месец** | **Произведено kWh** | **Продадени kWh** |
|---|---|---|
| 1 | 7.908,30 | 805,80 |
| 2 | 16.719,54 | 3.295,20 |
| 3 | 26.542,56 | 8.664,00 |
| 4 | 35.555,26 | 13.454,40 |
| 5 | 37.645,99 | 14.695,80 |
| 6 | 45.597,44 | 13.336,80 |
| 7 | 60.624,65 | 17.181,00 |
| 8 | 53.848,43 | 15.632,40 |
| 9 | 39.768,72 | 13.991,40 |
| 10 | 26.936,07 | 11.081,40 |
| 11 | 17.830,63 | 3.652,80 |
| 12 | 12.746,99 | 1.790,12 |
| **Вкупно:** | **381.724,58** | **117.581,12** |

Во 2024 година вкупно се поставени 4 полначи за електрични возила со моќност на полнење од 150 kW во соработка со ЕВН на објект на Макпетрол АД Скопје.
Исто така се предвидуваат и поставување на неколку фотонапонски централи на објектите на Макпетрол АД Скопје за намалување на потрошувачката на електрична енергија на објектите на Макпетрол АД Скопје.
Намалувањето на потрошувачката на електрична енергија во Макпетрол АД е насочено кон користење на алтернативни извори на енергија.

*Податоците се добиени од Секторот за Развој

### 3.2. Потрошувачка на вода во (м$^3$), Програма 18

| Бр. | Работна Единица | Потрошено м$^3$ (2023) | Потрошено м$^3$ (2024) | Разлика м$^3$ | % Промена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | РЕ Скопје | 21,557 | 24,266 | +2,709 | +12.57% |
| 2 | РЕ Прилеп | 3,998 | 5,332 | +1,334 | +33.37% |
| 3 | РЕ Битола | 6,936 | 8,133 | +1,197 | +17.26% |
| 4 | РЕ Полог | 12,590 | 14,998 | +2,408 | +19.13% |
| 5 | РЕ Струмица | 10,220 | 16,641 | +6,421 | +62.84% |
| 6 | РЕ Кавадарци | 29,433 | 39,216 | +9,783 | +33.24% |
| 7 | РЕ Кочани | 5,942 | 5,887 | -55 | -0.93% |
| 8 | РЕ Куманово | 7,792 | 6,878 | -914 | -11.73% |
| 9 | РЕ Охрид | 5,726 | 8,686 | +2,960 | +51.69% |
| | **ВКУПНО** | **104,194** | **130,037** | **+25,843** | **+24.81%** |

3 Најголем пораст на потрошувачката имат РЕ Струмица (+62.84%) и РЕ Охрид (+51.69%).

4 Најголемо апсолутно зголемување на потрошувачката има РЕ Кавадарци (+9,783 м$^3$).

5 Намалување имаат РЕ Кочани (-0.93%) и РЕ Куманово (-11.73%).




6 Вкупната потрошувачка е зголемена за 24.81% во 2024 год. споредено со 2023 год.



**Табела бр.16**

**Начин на снабдување на објектот со вода**

| Р.Е. | Бензинска станица | Начин на снабдување на објектот со вода |
|---|---|---|
| **РЕ Прилеп** | | |
| 027 | Б.С. Крушево | бунар |
| 095 | Б.С. Кривогаштани | бунар |
| 163 | Б.С. Бучила | бунар |
| **РЕ Охрид** | | |
| 168 | Б.С. Вевчани | бунар |
| **РЕ Струмица** | | |
| 045 | Б.С. Три Чешми I | бунар/водовод |
| 075 | Б.С. Ново Село | бунар |
| 112 | Б.С. Три Чешми II | бунар |
| 126 | Б.С. Конче | бунар |
| **РЕ Полог** | | |
| 114 | Б.С. Бигорски | бунар |
| 192 | Б.С. Желино | бунар |
| **РЕ Велес** | | |
| 072 | Б.С. Велес III | бунар |
| 132 | Б.С. Ашауа - Велес | бунар/водовод |
| **РЕ Скопје** | | |
| 002 | Б.С. Партизанска | бунар/водовод |
| 018 | Б.С. Катланово | бунар |
| 070 | Б.С. Илинденска | бунар/водовод |
| 079 | Б.С. Петровец | бунар |
| 169 | Б.С. Ќојлија | бунар |
| **РЕ Куманово** | | |
| 013 | Б.С. Куманово I | бунар/водовод |
| 081 | Б.С. Романовце | бунар |
| 139 | Б.С. Дељадровци | бунар |

*Податоците се од Дирекција за малопродажба, Сектор за логистичко-оперативна координација

**3.3 Користење на хартија за копирање и печатење, Програма 19**

**Графикон 3**

**Искористена хартија за копирање и печатење во 2023 и 2024 година**




Потрошувачката на копирна хартија за потребите на работењето во Макпетрол АД во 2023 година е 1.080 кутии, а во 2024 година, 1.380 кутии. Зголемувањето се должи на испорака на хартија на крајот на 2024 година и истите ќе се користат и во текот на 2025 година.

Од графиконот може да се забележи дека во 2024 година, потрошувачката на компјутерска хартија е 870 кутии, тука се забележува намалување во однос на 2023 година, кога се потрошени 975 кутии. Намалувањето на потрошувачката се должи на дигитализирање на приемниците од бензинските станици, по што повеќе не е потребно истите да се печатат.

**Забелешка:** И покрај знаците на подобрување, потребно е да се преземат активности за зголемување на свеста на вработените за намалување на потрошувачката на хартија, да се почитуваат зелените совети, т.е. да се печати паметно.

### 3.4 Искористени тонери и рибони, Програма 20

**Графикон 4**

**Вкупен број на потрошени тонери во 2023 и 2024 година**




Согласно податоците, во 2024 година, за потребите на Макпетрол АД, набавени се 1.200 тонери и рибони (500 тонери и 700 рибони) за поединечни принтери, што претставува намалување во однос на 2023 година, кога се набавени 1.398 тонери и рибони (548 тонери и 850 рибони).

*Податоците за количините на потрошени/нарачани тонери се добиени од Дирекција за дополнителен асортиман, Сектор за интерни набавки.

**Вкупен преглед за Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина за Дирекцијата за малопродажба, Дирекцијата за големопродажба и Дирекцијата за стандардизација и екологија (Фабрика за производство на биодизел-FAME и Лабораторија), Дирекцијата за одржување и Користењето на ресурсите во Макпетрол АД**

**Табела бр.17**

<table>
<tr><th>Број на програма за управување со аспектите на животната средина</th><th>Да</th><th>Не</th><th>Објаснување</th></tr>
<tr><td>1, 4, 5, 10, 15</td><td>√</td><td></td><td>Спроведени обуки на вработените согласно Планот за обуки на Секторот за безбедност</td></tr>
<tr><td>2, 6</td><td>√</td><td></td><td>Предавање на опасен отпад од чистење на резервоарите со гориво</td></tr>
<tr><td>3</td><td>√</td><td></td><td>Чистење на сепаратори на б.с.</td></tr>
<tr><td>7</td><td>√</td><td></td><td>Контрола на отпадна вода во ТНГ Миладиновци</td></tr>
<tr><td>8</td><td>√</td><td></td><td>Евиденција на отпад од пластика од ТНГ Миладиновци</td></tr>
<tr><td>9, 16</td><td>√</td><td></td><td>Предаден отпад од железо (ТНГ боци и ППА) ТНГ Миладиновци и Одд. за преглед и сервисирање на боци</td></tr>
<tr><td>11</td><td>√</td><td></td><td>Мерење на емисии во воздух-Биодизел</td></tr>
<tr><td>12,13</td><td>√</td><td></td><td>Предавање на опасен отпад-Лабораторија и Фабрика</td></tr>
<tr><td>14</td><td></td><td>√</td><td>Мерење бучава-Фабрика за Биодизел<br>(доколку Фабриката работи)</td></tr>
<tr><td>17</td><td>√</td><td></td><td rowspan="4">Анализа и следење на годишно ниво на потрошувачка на електрична енергија, вода, хартија, тонери<br>Препораки за менување на навиките и подигнување на свеста на вработените при користење на ресурсите</td></tr>
<tr><td>18</td><td>√</td><td></td></tr>
<tr><td>19</td><td>√</td><td></td></tr>
<tr><td>20</td><td>√</td><td></td></tr>
</table>